USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

STRATEGIC DEVELOPMENT CONSULTING

Документ за политики


Подобрување на конкурентноста на микро, малите и средните претпријатија преку воведување дигитална трансформација













Содржина

Резиме 4

Вовед 5

Ситуацијата во Република Северна Македонија 6

Надворешни фактори 7

Интерни фактори 7

Анализа на резултатите од истражувањето 9

Препораки за мерки/активности 12

Заклучок 15

Резиме

Дигиталната трансформација на претпријатијата е важна во денешното деловно опкружување и работење и може да влијае позитивно на развојот на компаниите во насока на зголемување на нивната продуктивност, ефикасност и конкурентност. Покрај овие позитивни промени, дигиталната трансформација може да придонесе кон зголемување на задоволството на клиентите, да ја зајакне соработката и да ја подобри комуникацијата со клиентите, добавувачите и останатите страни во деловното работење, да ја зголеми агилноста, да го намали човечкиот ризик-фактор, да обезбеди информации и податоци што ќе помогнат во креирање нови корпоративни стратегии, како и да ги олесни внатрешните процеси на работење и управување со претпријатието.

Имајќи предвид дека микро, малите и средните претпријатија (ММСП) во Република Северна Македонија се значаен и доминантен фактор во економијата, а малку од нив се подготвени да работат на иновирање и подобрување на бизнис-процесите во насока на дигитална трансформација, потребно е, покрај останатите форми на поддршка, да се обезбеди и поголема помош за нивно зајакнување за дигитализирање на процесите преку воведување дигитални технологии и канали, како и дигитално трансформирање преку иновирање на системите и негување и примена на дигитални технологии и дигитален начин на размислување на вработените.

Овој документ за политики е изработен врз основа на наодите од истражувањето спроведено во рамките на проектот „Активност за јакнење на деловниот екосистем“ реализиран од Консалтинг за стратешки развој, со финансиска поддршка на Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Покрај податоците собрани со истражувањето, овој документ вклучува и анализа на секундарни извори на податоци (истражувања, документи за политики, правната рамка) кои го дефинираат „дигиталното“ работење во државата. Препораките за мерките и активностите презентирани во овој документ се однесуваат на креаторите на политиките и тие треба да придонесат кон подобрување на конкурентноста на микро, малите и средните претпријатија преку воведување дигитализација и дигитална трансформација во работењето.



Вовед

Кога станува збор за дигиталната трансформација на претпријатијата, еден од клучните предизвици е недостигот од квалификувана работна сила која има „дигитални" знаења и вештини, која заедно со отпорноста на управителите за воведување дигитална трансформација се ограничувачки фактори што влијаат негативно на капацитетот и способноста на ММСП да го искористат потенцијалот за развој што го овозможуваат дигиталните технологии. Дополнително, конзервативната корпоративна култура меѓу претпријатијата што преовладува во Република Северна Македонија исто така придонесува за ниското ниво на дигитална трансформација.

Покрај овие предизвици, постојат и голем број можности за воведување дигитална трансформација во македонските претпријатија. Можностите што ги нудат дигиталните технологии и онлајн алатки се многубројни – од користење дигитален маркетинг за промоција, пласман и продажба на производите или услугите до онлајн продажба итн.

Во таа насока, кога станува збор за дигиталната трансформација, таа треба да се гледа низ призмата на надворешните и на внатрешните фактори, односно капацитетите на самите ММСП.

Надворешното опкружување игра важна улога кога станува збор за дигитална трансформација на ММСП. Клучните фактори што влијаат на способноста на претпријатијата ефективно да го започнат процесот на дигитална трансформација и да ги искористат можностите што ги нудат дигиталните технологии се: самото деловно опкружување, бизнис-климата, правната односно регулаторната рамка, како и политиките што се креираат. Сепак, за да се искористат овие можности, при креирањето на политиките треба да се води сметка тие да создаваат можности што би ги искористиле ММСП, наместо да го ограничуваат пристапот до поддршката.

Од друга страна пак, внатрешните фактори играат клучна улога во одредувањето на успехот и ефективноста на дигиталната трансформација на ММСП. Нивото на подготвеност за дигитално усвојување варира во различни претпријатија, при што некои успеваат целосно да ги прифатат и да ги применат дигиталните технологии, други се во рана фаза на развој, додека пак трети воопшто и не размислуваат во таа насока. Ваквата ситуација делумно се должи на секторот/индустријата каде што работат претпријатијата, во зависност од потребата за користење дигитални и иновативни решенија и алатки, а делумно таа е резултат на свеста на менаџментот на претпријатијата за придобивките од дигиталната трансформација, односно потребата за одвојување соодветни финансиски средства за набавка на софтвер, хардвер и други програми и алатки кои овозможуваат дигитализирање на работните процеси и инвестирање во развој на дигиталните вештини на вработените. Интерните фактори можат да бидат ограничувачки или да поддржуваат поголема примена на дигиталните алатки и пракси во работењето на претпријатието.

Ситуацијата во Република Северна Македонија

Република Северна Македонија направи значителен напредок во развојот на регулаторната рамка за дигитална трансформација, преку усвојување на правната рамка што ја регулира оваа проблематика.

И покрај напредокот што го има постигнато Република Северна Македонија, сепак, сè уште има предизвици што треба да се надминат за да се обезбеди ефективно спроведување на регулаторната рамка за дигитална трансформација. Во таа насока, потребна е подобра координација и соработка меѓу регулаторните тела, како и поголема јавна свест и едукација за дигиталните права и одговорности. Дополнително, постои потреба да се зајакне капацитетот на регулаторните тела за да бидат во можност да го следат спроведувањето на релевантните прописи во пракса.

Друг предизвик во регулаторната рамка за дигитална трансформација во Северна Македонија е недостатокот на усогласеност со регулативите на ЕУ. Иако земјата постигна напредок во усогласувањето на своите закони и регулативи со стандардите на ЕУ, сè уште има празнини и недоследности што треба да се решат. Овие разлики[1], кои се нотирани и во извештајот за напредокот на Република Северна Македонија за 2022 може да создадат конфузија за бизнисите и потрошувачите, а исто така може да ја ограничат способноста на земјата целосно да учествува на единствениот дигитален пазар на ЕУ. Решавањето на овие предизвици бара континуирани напори за усогласување на регулативите и стандардите со оние на ЕУ, како и зголемена соработка и дијалог меѓу Република Северна Македонија и регулаторните тела на ЕУ.

Стратегиските документи за политиките што беа усвоени изминатиов период, исто така ја дефинираа поддршката за дигиталната трансформација на различни основи – од институционална, преку регулаторна до обезбедување директна поддршка за оние на кои им е најпотребна. Република Северна Македонија зазеде проактивен став кон дигиталните иновации и трансформации, како што е дефинирано во целите во различни стратегиски документи за политиките усвоени изминативе години, кои се однесуваат на секторот ММСП и опфаќаат прашања поврзани со дигиталната трансформација.

Иако стратегиската рамка за политиките за дигитална трансформација во Северна Македонија ги дефинира целите што треба да бидат остварени и дава патоказ за забрзување на економскиот

[1] Finalise and adopt the long-term information and communication technology strategy; align national legislation with the European Electronic Communications Code and the EU Broadband Cost Reduction Directive; and continue efforts to align national legislation with the EU Directive on Security of Network and Information Systems (NIS Directive)/ and the 5G toolbox

раст и подобрување на конкурентноста на земјата, сепак има предизвици со кои треба да се соочи државата за целосно да се остварат придобивките од мерките и активностите кои се зацртани во овие стратегиски документи.

Надворешни фактори

Според наодите од истражувањето на Меѓународната организација на трудот[2] (во моментот на подготовка на овој документ извештајот од истражувањето не е јавно достапен) 43 % го сметаат дигиталниот екосистем како сериозен предизвик, скоро една третина (32 %) го перципираат како средина што овозможува брз развој на ММСП, додека 13 % од нив го сметаат како фрагментиран и изолиран систем. Ова укажува на разновидната природа на дигиталниот екосистем и ја нагласува потребата од приспособени стратегии за справување со конкретни предизвици и можности со кои се соочуваат различните индустрии.

Поттикнувањето на примената на е-трговија и олеснувањето на пристапот до онлајн пазари и платформи е од витално значење за да им се овозможи на ММСП да можат да пристапат до поширокаta јавност и ефективно да се натпреваруваат на пазарот.

Резултатите од истото истражување, покажуваат дека поголемиот дел од претпријатијата (92 %) се потпираат на сопствени средства за дигитална трансформација, што укажува на ограничената понуда и можности кога станува збор за надворешни извори на финансирање. Сепак, меѓу претприемачите постои размислување дека Владата треба да обезбеди даночни олеснувања за инвестиции за дигитализација и да го поттикне развојот на дигиталните вештини. Таквата поддршка може дополнително да ги поттикне ММСП да инвестираат во современи дигитални технологии и да ги зајакнат интерните капацитети, а со тоа да го забрзаат процесот на дигитална трансформација.

Пристапот до услугите за развој на бизнисот е од суштинско значење за претпријатијата што сакаат да ги подобрат своите дигитални способности. Значајни чинители во овој процес се консултантските компании и организациите за деловна поддршка, имајќи предвид дека се најчесто користени даватели на услуги за претпријатијата (60 % – 74 %)[3]. Иако невладините организации и меѓународните проекти, исто така играат важна улога, сепак, нивната вклученост во обезбедување директна поддршка е релативно помала.

Интерни фактори

Колку што се важни надворешните, толку и интерните фактори (во самите претпријатија) придонесуваат за нивниот развој или стагнирање кога станува збор за дигиталната трансформација на претпријатијата.

Во таа насока, согласно истражувањето на Меѓународната организација на трудот, нивото на подготвеност за дигитална трансформација варира во различни претпријатија, при што некои

[2] An enabling environment for the digital transformation of Macedonian enterprises: opportunities, constraints and the way forward, Нацрт-извештај, Меѓународна организација на трудот, 2023

[3] An enabling environment for the digital transformation of Macedonian enterprises: opportunities, constraints and the way forward, Нацрт-извештај, Меѓународна организација на трудот, 2023

целосно ги прифаќаат дигиталните технологии (само 3 % од претпријатијата), додека други се сè уште во раните фази на развој. Сепак, значителен процент (32 %) допрва треба да одвојат буџет за оваа намена, што укажува на потребата од поголема свест и приоритизирање на дигиталните иницијативи.

Дигиталните вештини на вработените се критичен внатрешен фактор. Приближно една третина од претпријатијата (31 %) веруваат дека дигиталните вештини на нивните вработени се соодветни, 51 % сметаат дека има простор за подобрување, а пак 18 % од нив сметаат дека дигиталните вештини на вработените се несоодветни. Премостувањето на јазот во дигиталните вештини бара проактивност за да се обезбедат обуки за подобрување на дигиталните вештини и компетенции и дигиталната писменост на вработените во претпријатијата. Инвестирањето во човечкиот капитал и негувањето на дигитално вешта работна сила е од суштинско значење за искористување на целосниот потенцијал на дигиталните технологии.

Во таа насока е и податокот дека половина од претпријатијата (50 %) воопшто не ги праќаат своите вработени на обуки за дигитални вештини, додека останатите организираат некаков вид обуки. Од нив (од останатите 50 %), 32 % ги праќаат своите вработени да посетуваат надворешни обуки, додека 30 % од нив ги обучуваат своите вработени во самото претпријатие, а пак 22 % имаат обука на работното место. Останатите претпријатија користат друг вид методи за обуки, како на пример менторски програми, онлајн курсеви за вработените итн.

Од друга страна, корпоративната култура и флексибилното управување[4] претставуваат клучни столбови во процесот на спроведување на дигиталната трансформација. Повеќе од половина од ММСП (58 %) се соочуваат со предизвици во поттикнување на иновативна култура и приспособување на новите дигитални технологии. За да успеат во тоа опкружување, претпријатијата треба да ја прифатат културата на иновации, поттикнувајќи експериментирање и преземање ризици за да поттикнат континуирано подобрување и приспособливост.

Понатаму, осврнувањето и воведувањето на иновациите е витален внатрешен фактор што влијае кон процесот на дигиталната трансформација. Додека значителен дел од компаниите (30 %) ја гледаат дигитализацијата како клучен двигател на растот и успехот, постои и забележителен дел (14 %) што ја сметаат за ризик за нивниот бизнис. Останатиот дел од претпријатијата сметаат дека дигитализацијата може да придонесе во развој на бизнисот, но не е клучен фактор во нивните бизниси. Промовирањето на позитивен поглед кон иновациите е од клучно значење во негувањето на менталниот склоп на постојано подобрување и креирање на отпорност кон несакано влијание.

Доколку претпријатијата се подготвени за дигитално усвојување (digital readiness), ги развиваат и ги негуваат дигиталните вештини, применуваат иновативна корпоративна култура и поттикнуваат воведување иновации и примена на иновативни процеси и пракси, тие можат многу лесно и брзо да ја спроведат дигиталната трансформација во своето работење. За бизнисите претставува императив да можат да ја препознаат вредноста на дигиталните технологии и да прифатат проактивен пристап кон искористување на овие алатки за поттикнување на растот, ефикасноста и конкурентноста.


[4] Менаџерските одлуки/планови соодветно да се адаптираат на промените што настануваат во опкружувањето

Анализа на резултатите од истражувањето


Во рамките на истражувањето што се спроведе во периодот март – јуни 2023 за потребите на проектот „Активност за јакнење на деловниот екосистем", со користење квалитативни и квантитативни методи, целта беше да се анализираат предизвиците и потребите на ММСП од осум сектори од економијата (преработувачка индустрија; трговија на големо и мало; објекти за сместување и сервисни услуги со храна; транспорт и складирање; земјоделство; уметност, забава и рекреација; информации и комуникации; снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација; занаетчиство) кон кои беше фокусирана владината поддршка во последните три години (за време на здравствената и енергетско-економската криза), како и да се согледаат ставовите и размислувањата на претставници на клучните државни институции и од бизнис-секторот (комори, организации за деловна поддршка, здруженија на бизнис-жени) во врска со развојот на ММСП за да се развијат препораки за ефективни политики и мерки што ќе придонесат кон поконкурентни и поприспособливи претпријатија.

Иновациите и дигитализацијата се покажаа како едни од главните сегменти на истражувањето. Целта беше да се дефинира колку претпријатијата се подготвени да воведуваат иновации во работните процеси, а со тоа и да се дигитализираат и дигитално да се трансформираат, а соодветно на тоа да се дадат препораки за политики за понатамошен развој на ММСП. Основниот заклучок во однос на дигитализацијата е дека постои низок степен на познавање кај ММСП за тоа што претставува таа и низок степен на имплементација на иновативни решенија во кој било сегмент од работењето. Наодот е конзистентен, бидејќи информацијата за ниската подготвеност на ММСП да воведат иновативни процеси/производи во своето работење е потврдена и од организациите за деловна поддршка и државните институции, кои исто така сметаат дека постои низок интерес кај ММСП да имплементираат иновативни решенија. Дополнителен заклучок е дека дигитализацијата е разбрана од страна на компаниите на елементарно ниво (воведување веб-страница, користење социјални медиуми и слично). Имајќи предвид дека дигитализацијата и иновациите придонесуваат за забрзан раст на компаниите, зголемувањето на свесноста за значењето на дигитализацијата и иновациите претставува императив.

Дали во последните три години претпријатието има развиено нови (иновативни) процеси во работењето или иновативни производи?




Дали претпријатието има план за развивање нови (иновативни) процеси во работењето или за иновативни производи за наредните 3 до 5 години?



Од податоците од истражувањето, 7 % од анкетираните претпријатија вовеле нови процеси и/или производи во нивното работење во последните три години, додека 10 % планираат да воведат иновации во вид на процеси или производи во следните неколку години. Имајќи предвид дека во последните 3 години, процесот на дигитализацијата на бизнисите беше забрзан како резултат на предизвиците со кои се соочија ММСП за време на здравствената криза со КОВИД-19, учеството е значително ниско. Може да се заклучи дека ММСП во Северна Македонија значително заостануваат во процесите на дигитализација и дигитална трансформација.

Дали во последните три години претпријатието има развиено нови (иновативни) процеси во работењето или иновативни производи?

Генерален распоред на одговори



	Да	Не
Преработувачка индустрија	4 %	96 %
Трговија на големо и мало	0 %	100 %
Објекти за сместување и сервисни услуги со храна	0 %	100 %
Транспорт и складирање	7 %	93 %
Земјоделство	17 %	83 %
Уметност, забава и рекреација	0 %	100 %
Информации и комуникации (ИТ-компании)	40 %	60 %
Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација	20 %	80 %
Занаетчиство	0 %	100 %

Исто така, доколку се анализира во кои индустрии работат претпријатијата кои во последните три години имаат развиено нови (иновативни) процеси или иновативни производи, се заклучува дека најголем дел се компании од информатичкиот сектор, по што следуваат оние што работат во делот на снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација и во земјоделството. Претпријатијата што имаат развиено одредени иновативни процеси или иновативни производи во работењето, во најголем дел спаѓаат во групата микропретпријатија. Врз основа на одговорите може да се заклучи дека ММСП имаат ниска иновативност.

Освен претпријатијата, и организациите за деловна поддршка и јавните институции е потребно да го зголемат нивото на дигитализација. Организациите во повисок степен го разбираат значењето и потребата од дигитализација и сметаат дека е потребна реформа во нивните интерни процеси. Дигитализацијата ќе овозможи нивна поголема ефективност во управувањето што воедно влијае на задоволството на нивните членки во позитивна насока. За да се опфати целиот екосистем на дигиталното функционирање, неопходна е дигитализација на процесите во државните институции, особено интегрирање на системите во едно решение каде ММСП и организациите ќе имаат брз и едноставен пристап до потребните информации.

Главен заклучок од истражувањето, вклучително од консултациите со бизнис-заедницата и владините институции е дека постои согласност за потребата од едукација на ММСП за значењето на иновациите и дигитализацијата. За успешно конкурирање на домашните компании, како на локалниот така и на интернационалниот пазар, се потребни активности коишто и на краток рок ќе придонесат за унапредување на тоа знаење. Дигитализацијата во организациите за деловна поддршка и во институциите ќе помогне во зголемувањето на квалитетот на услугите коишто ги испорачуваат кон компаниите, а со тоа на некој начин тие ќе го зголемат нивото на прифаќање на иновациите и дигитализацијата и во самите претпријатија.



Препораки за мерки/активности

Врз основа на наодите од истражувањето спроведено во рамките на проектот „Активност за јакнење на деловниот екосистем“, како приоритетни области во делот на иновациите и дигиталната трансформација на претпријатијата беа дефинирани следниве препораки:

- Едукација на ММСП за значењето на иновациите во унапредувањето на бизнисот и начините на воведување иновативни процеси/производи во нивното работење.
- Воведување поволности за компаниите што вложуваат во развој на кадарот и иновациите.
- Унапредување на комуникацијата за можностите за финансирање и поддршка на иновациите помеѓу ММСП, организациите за деловна поддршка и институциите.
- Дигитализација на услугите со цел да се поедностават процедурите за аплицирање за мерките/поддршката за ММСП, како и подобрување на ефикасноста на постапките за добивање документација и дозволи.
- Креирање едношалтерски систем/платформа за програми, мерки и проекти и за сите можности за финансирање на ММСП (достапност до сите информации и документи за аплицирање).
- Деловните здруженија да креираат и да обезбедат услуги за поддршка на ММСП за аплицирање на ЕУ-проекти за иновации, истражување и развој.
- Дигитализација на работата и на интерните процеси на деловните здруженија.
- Платформа за ефективен дијалог помеѓу бизнис-секторот и владата за мерките што ги одразуваат потребите на ММСП.
- Дигитализација на услугите, вклучително и на процесите и процедурите за поддршка на ММСП.

Врз основа на горенаведените наоди и приоритети, кои говорат за состојбата на секторот ММСП во однос на нивната подготвеност за дигитализација и дигитална трансформација, во прилог се презентирани мерките и активностите што треба да бидат земени предвид и реализирани во рамките на поддршката што ја обезбедува државата во делот на промоција, воведување и примена на дигиталната трансформација помеѓу ММСП. Подигнувањето на свеста за дигиталните вештини и знаење како и за техничките науки се две од осумте клучни компетенции за доживотно учење, и поради тоа тие

треба да се дел од формалното образование уште од најрана возраст, вклучително и неформалното, доживотно образование, сè со цел да се подигне свеста за важноста на овие компетенции.

Мерките се поделени во неколку области согласно видот на активностите што треба да бидат спроведени. Дел од нив се подготвителни, како на пример спроведување анализа за потребите, додека дел се однесуваат на обезбедување директна поддршка на претпријатијата за едукација, подигање на свеста и кофинансирање за набавка на опрема за дигитални технологии.

Табела 1. Предлог-активности што треба да бидат дел од политиките/годишните програми на институциите што даваат поддршка на ММСП

Активности	Претпоставено време потребно за спроведување	Задолжена институција/ организација за спроведување
Организирање кампања/караван за дигитална едукација и подигање на свеста за придобивките од воведување дигитална трансформација кај ММСП	6 месеци	Министерство за економија, стопански комори, Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии и останати организации за деловна поддршка
Изработка на анализа на понудата за ИКТ-обуки и мапирање на провајдерите на обуки (за неформално образование на возрасни) на национално ниво	3 месеци	Центар за образование на возрасните
Организирање обуки за лица од ранливи групи (вклучително и лица со инвалидитет) и стари лица за стекнување со ИКТ-вештини	6 месеци	Агенција за вработување
Организирање настани за врснички трансфер на знаење помеѓу компании што ги искусиле придобивките од воведување дигитална трансформација во нивното работење и компании што немаат преземено позначајни активности во таа насока	12 месеци	Министерство за економија, стопански комори и останати организации за деловна поддршка
Давање субвенции до 50 % од инвестицијата за воведување дигитална трансформација кај микропретпријатија што постојат повеќе од 3 години, но износот на субвенцијата да не надминува 10.000 евра	6 месеци	Министерство за економија
Кофинансирање проекти од доменот на ИКТ, преку воспоставено партнерство помеѓу ММСП со академски/научни организации (10 проекти)	12 месеци	Министерство за економија
Дигитализација на процесот на пријавување на компаниите во МОЕ	4 месеци	Министерство за економија
Следење на компаниите што добиле субвенции за воведување дигитална трансформација во однос на остварување на клучните индикатори, односно евалуација на резултатите и ефектите од поддршката	36 месеци	Министерство за економија и Агенција за поддршка на претприемништво

Предлог-активностите презентирани во горната табела, треба да бидат интегрирани во следниве програми/планови на соодветните институции:

- Програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП – Агенцијата за поддршка на претприемништвото
- Програма за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност и Програма за развој на претприемништвото и конкурентноста на МСП – Министерство за економија
- Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот и Годишна програма за работа – Агенција за вработување
- Програма за работа на Јавната установа Центар за образование на возрасните – Центар за образование на возрасните.

За секоја од предложените активности треба да бидат дефинирани клучни индикатори врз основа на кои ќе се следи успешноста на реализацијата на активноста. Буџетот за предложените активности е пресметан согласно споредбената анализа направена на слични активности и мерки за поддршка на дигиталната трансформација на ММСП што се спроведуваат во земјите од регионот.

Поголемиот дел од средствата за реализација на предвидените активности од табелата се веќе обезбедени во рамките на постоечките буџети што ги имаат институциите за реализација на нивните програми (преку укинување на активностите што имаат мало влијание врз целната група за кои се наменети, или пак алоцирање на дел од средствата што не се реализираат во целост и нивна пренамена за новите активности), а останатиот дел треба да бидат обезбедени од страна на државниот буџет.



Заклучок

Воведувањето на дигиталната трансформација кај ММСП е предизвик не само за претпријатијата туку и за останатите чинители кои се (ин)директно поврзани со процесот на дигитализацијата, почнувајќи од државните институции одговорни за креирање на стратегиската и правната рамка, како и организациите за деловна поддршка, кои треба да бидат поддржувачи на самиот процес преку давање услуги и поддршка за полесна транзиција кон дигиталната трансформација.

Во однос на правната и на стратегиската рамка, може да се констатира дека изминативе години беа реализирани доста активности во таа насока, кои придонесоа за изработка и усвојување на неколку законски решенија и документи (стратегии, планови итн.) со кои се заокружи рамката што треба да се постапува кога станува збор за процесот на дигитализација, не само за приватниот сектор туку и за институциите и организациите од јавниот сектор.

Сепак, за да се реализираат целите и очекувањата дефинирани во оваа рамка, потребни се дополнителни активности со кои би се забрзал процесот на дигитализација и дигитална трансформација, особено на ММСП.

Во таа насока, во овој документ предложени се сет активности што треба да помогнат првично во процесот на дигитална трансформација на ММСП, но и долгорочно во остварување на целите предвидени во стратегиските документи за политиките.

Спроведувањето на предложените мерки и активности треба да биде дел од акциските планови што ќе бидат интегриран дел од стратегиите за развој и документите за политиките што треба да се спроведуваат на годишно ниво. Понатаму тие ќе бидат вклучени во годишните програми што се реализираат преку министерствата, односно агенциите и останатите државни институции.

Оваа публикација е подготвена од Консалтинг за стратешки развој со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржините на овој документ за политики им припаѓаат на авторите и не нужно ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.